Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006 ...96/19), и член 46 став 2 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, расправајќи по прашањето дали трошоците направени за рочиштетото за објавување на пресудата се потребни трошоци согласно Законот за парничната постапка, за воедначување на судската практика во постапувањето на Апелационите судови во Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 07.10.2019 година, го усвои следното:

# П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

**Трошоците направени за рочиштетото за објавување на пресудата се потребни трошоци во смисла на Законот за парничната постапка.**

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со поставеното правно прашање одговорот произлегува од самите одредби од Законот за парничната постапка кои се однесуваат на донесување и објавување на пресудата, односно од член 324 и член 325 од Законот за парничната постапка.

Имено, во член 324 став 1, став 3 и став 4 од Законот за парничната постапка се вели: (1) „Судот пресудата ја донесува и објавува во име на граѓаните на Република Македонија“, (3) „Пресудата се донесува веднаш по заклучувањето на главната расправа на записник и ја објавува судијата поединец, односно претседателот на советот“ и (4) „Во посложените предмети судот може да го одложи донесувањето на пресудата за осум дена од денот на заклучувањето на главната расправа. Во тој рок судот е должен да одржи рочиште на кое ќе ја објави пресудата. Рочиштето за објавување на пресудата судот е должен да го закаже на рочиштето на кое главната расправа е заклучена и тоа ќе се одржи независно дали странките за тоа биле известени, односно дали пристапиле на тоа рочиште“.

Во член 325 став 1 и став 4 од истиот закон стои: (1) „Кога пресудата се објавува, претседателот на советот, односно судијата поединец јавно ќе ја прочита изреката и накратко може да ги соопшти причините за пресудата“ и (4) “Сите присутни ќе го сослушаат читањето на изреката на пресудата стоејќи“.

Не е спорен случајот кога веднаш по заклучување на главната расправа првостепениот суд ја донесува и објавува пресудата, бидејќи тогаш се бараат трошоци за самата главна расправа по чие заклучување е донесена и објавена првостепената пресуда, а кои трошоци се потребни трошоци во смисла на член 149 од Законот за парничната постапка и се досудуваат.

Спорно е кога судот во посложените предмети може да го одложи донесувањето на пресудата за 8 (осум) дена од денот на заклучувањето на главната расправа, во кој рок судот е должен да одржи рочиште на кое ќе ја објави пресудата. Ова рочиште за објавување на пресудата како што е наведено во член 324 став 4 од Законот за парничната постапка, судот е должен да го закаже на рочиштето на кое главната

расправа е заклучена и тоа ќе се одржи независно дали странките за тоа биле известени, односно дали пристапиле на тоа рочиште.

Во смисла на цитираната законска обврска на судот да закаже рочиште за објавување на пресудата и истото да го одржи, произлегува и правото на странката, односно на нејзиниот полномошник, доколку дојде на тоа рочиште да бара и трошоци за присуство на истото. Ваквото барање странката, односно нејзиниот полномошник може да го истакне усно на самото рочиште или писмено во трошковник во рок определен од судот согласно член 158 став 1 и став 2 од Законот за парничната постапка. По така истакнатото барање потоа судот во смисла на член 149 од Законот за парничната постапка треба да одлучи, односно истото да го досуди.

Согласно член 2 став 1 од Законот за адвокатурата (Сл.весник на РМ бр.59/02,60/06,29/07,106/08,135/11,113/12,148/15), адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која единствено обезбедува и дава правна помош согласно овој и друг закон.

Според членот 3 од истиот закон, правната помош се состои во давање на правни совети, застапување во водење преговори и вршење услуги од областа на деловен протокол, составување на исправи за правни дела, составување на договори за основање, партнерство, соработка и слични акти во врска со основањето или работењето на деловните субјекти, составување на поднесоци во судски и други постапки, застапување на странките пред судовите, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица.

Адвокатот, согласно член 19 од законот, има право на награда и надоместок на трошоците за извршената работа во вршењето на адвокатската дејност според Тарифата за наградата и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Во член 8 став 1 точка 6 од Тарифата за наградата и надоместок на трошоците за работа на адвокатите ( Сл.весник на РМ 13/17-пречистен текст, бр.189/19), е предвидено дека за застапување и одбрана пред судовите, јавното обвинителство, нотари, извршители, центри за социјална работа, работодавецот, полициските, инспекциските и други органи, како и превземање на дејствија од точка 2 на овој став кои се одвиваат во повеќе денови, без оглед дали се одржани, продолжени или одложени, како и за рочиштето за објавување на Одлука, секој започнат ден се смета за ново застапување, односно нова одбрана.

Членот 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи подразбира дека „пресудата треба да биде јавно објавена“. Европскиот суд за човекови права има заземено стојалиште дека јавниот карактер на постапките пред судските органи ги штити странките во граѓанските постапки од тајното спроведување на правдата без јавен надзор или контрола (*Фазлијски против Бугарија (Fazliyski v.Bulgaria*), br.40908/05, § 69, 16 април 2013 година). Јавноста на постапките, вклучувајќи го и јавното објавување на пресудите претставува и средство за одржување на довербата во судовите (*Прето и други против Италија (Pretto and Others v.Italy),* 8 декември 1983, § 21, Series A no.71).

Европскиот суд за човекови права обезбедува минимум гаранции во поглед на јавното објавување на пресудите. Тој го оценува придржувањето кон процедуралното барање од членот 6 став 1 од Конвенцијата дека „пресудата треба да биде јавно објавена“ во зависност од околностите на секој конкретен предмет при што покрај

преку јавното објавување на пресудата ќе се смета дека елементот на јавност е запазен и тогаш кога биле обезбедени други средства кои овозможиле да биде постигната задоволителна јавност на постапувањето (*Мозер против Австрија (Moser v.Ausria),* бр.12643/02, §101, 21 септември 2006 година).

Треба да се има во предвид дека во неговата пракса на примена на Европската конвенција за човекови права, Европскиот суд за човекови права обезбедува само минимални гаранции во поглед на јавноста и јавното објавување на пресудите во граѓанските постапки. Наспроти тоа, националното законодавство низ релевантните одредби (член 324 и 325) на Законот за парнична постапка кои го уредуваат донесувањето и објавувањето на пресудите предвидува законска обврска за јавно објавување на пресудите со што ги надминува стандардите и гаранциите за заштита на правото на фер судење од членот 6 став 1 од Конвенцијата.

Оттука, поаѓајќи од цитираните законски одредби и нивно доведување во врска со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, како и целта на законодавецот за обезбедување на јавност во постапките, одделот смета дека трошоците за рочиштето за објавување на пресудата се нужни трошоци.

Со вака усвоеното правно мислење, Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, очекува да се воедначи судската пракса со што ќе се зацврсти правната сигурност на граѓаните.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**